# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 12, година XLIV**
**Понеделник, 05.08.2013**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Решението за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола

1. Го објавувам Решението за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1020/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.08.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 24 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 06/09 и 145/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.08.2013 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола

1. За командир на Полициската станица од општа надлежност Битола е избран ИВАН БЛАЖЕВСКИ, од Битола, ул. „Широк Сокак“ бр. 154/2/31, високо образование-воена академија, доктор на социолошки науки, со работно искуство од осум години.

2. Примерок од решението да се достави до Министерот за внатрешни работи и избраниот кандидат.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-28/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Стопански комплекс ,,Гранит“ - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за

Стопански комплекс „Гранит“ - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1020/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.08.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 111/12 и 55/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Стопански комплекс ,,Гранит“ - Општина Битола

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата поднесена од ГД ГРАНИТ АД Скопје за изработка на ДУП за Стопански комплекс „Гранит„ - Општина Битола, во кој припаѓа и КП Бр. 10732 КО Битола 5

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Стопански комплекс „Гранит„ - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-28/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Горно Оризари 2 дел Блок 2 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Горно Оризари 2 дел Блок 2 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1020/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.08.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05) Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## За прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Горно Оризари 2 дел Блок 2 - Битола

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата поднесена од Александар Тодоровски за изработка на ДУП за Горно Оризари 2 дел Блок 2 - Битола, во кој припаѓа и КП Бр. 849 КО Битола.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Горно Ори-

зари 2 дел Блок 2 - Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-28/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за неприфаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Урбанистичка единица Бр. 5 Блок 3 - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за неприфаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Урбанистичка единица Бр. 5 Блок 3 – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.08.2013 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1020/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.08.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за неприфаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Урбанистичка единица Бр. 5 Блок 3 - Општина Битола

**Член 1**

Не се прифаќа иницијативата за изработка на ДУП за Урбанистичка единица Бр. 5 Блок 3 – Општина Битола.

**Член 2**

Одлуката за неприфаќање е резултат на непостоење можност за реализација на предвиденото сообраќајно решение со Генералниот урбанистички план за град Битола.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-28/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 5 дел Блок 4 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 5 дел Блок 4 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.08.2013 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1020/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.08.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012 и 55/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Сл. гласник на Општина Битола" бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 01.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 5 дел Блок 4 - Битола

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Централно градско подрачје 5 дел Блок 4 – Битола.

**Член 2**

Границите на овој плански опфат се: осовина на ул. „Солунска", од пресекот со ул. „Питу Гули" до пресек со ул. „Климент Охридски", осовина на ул. „Климент Охридски" од пресек со ул. „Солунска" до пресек со ул. „Питу Гули", и осовина на ул. „Питу Гули",од пресек со ул. „Климент Охридски" до пресек со ул. „Солунска".

Опфатот на вака предложениот План има површина од 0,9 ха.

**Член 3**

ДУП за Детален урбанистички план за Централно градско подрачје 5 дел Блок 4 - Битола, се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на ова Одлука.

**Член 4**

ДУП за Детален урбанистички план за Централно градско подрачје 5 дел Блок 4 - Битола, се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-28/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на НУ Центар за култура Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на НУ Центар за култура Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1020/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.08.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола" бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.08.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на НУ Центар за култура Битола

**Член 1**

На НУ Центар за култура Битола му се доделуваат 2.000.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

**Член 2**

Се задолжува НУ Центар за култура Битола да достави повратна информација за

тоа кои активности се финансирани од добиените средства.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-28/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот во врска со Иницијативата за концесијата на ПОЛИМЕР ДОО за управување со Регионалниот пазар во Нова Битола

1. Го објавувам Заклучокот во врска со Иницијативата за концесијата на ПОЛИМЕР ДОО за управување со Регионалниот пазар во Нова Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1020/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.08.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.08.2013 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## во врска со Иницијативата за концесијата на ПОЛИМЕР ДОО за управување со Регионалниот пазар во Нова Битола

1. Комисијата за надзор формирана од Градоначалникот на Општината Битола, во врска со концесијата на ПОЛИМЕР ДОО за управување со Регионалниот пазар во Нова Битола да ги земе во предвид наводите дадени во иницијативата поднесена од членовите на Советот Габриела Илиевска и Снежана Стоилова.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-28/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.08.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

# С О Д Р Ж И Н А

Р Е Ш Е Н И Е за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола ........ 297

О Д Л У К А за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Стопански комплекс „Гранит“ - Општина Битола ........ 298

О Д Л У К А За прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Горно Оризари 2 дел Блок 2 - Битола ........ 298

О Д Л У К А за неприфаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Урбанистичка единица Бр. 5 Блок 3 – Општина Битола........ 299

О Д Л У К А за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 5 дел Блок 4 - Битола........ 300

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на НУ Центар за култура Битола ........ 300

З А К Л У Ч О К во врска со Иницијативата за концесијата на ПОЛИМЕР ДОО за управување со Регионалниот пазар во Нова Битола........ 301

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211